**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

# Стратегија на ДЗР 2008-2012

**Скопје, јуни 2008**

| СОДРЖИНА | СТРАНА |
|---|---|


| | |
|---|---|
| ПРЕДГОВОР | 3 |
| МИСИЈА | 4 |
| ВИЗИЈА | 4 |
| ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ДЗР | 5 |
| ПРЕДИЗВИЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 6 |
| ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА Р | 7 |
| СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА | 9 |
| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1- НЕЗАВИСНОСТ | 10 |
| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2 - Зајакнување на институционалните капацитети | 11 |
| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3- Вршење високо квалитетни ревизии | 13 |
| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4 - Информационен систем и информатичка технологија | 18 |
| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5- Комуникација | 19 |
| МОНИТОРИНГ И ИНДИКАТОРИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СТРАТЕШКИТЕ ЦЕЛИ | 20 |
| КРАТЕНКИ | 21 |

**ПРЕДГОВОР**

Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија (ДЗР) 2008-2012 претставува клучен документ кој го опишува контекстот на нашите активности и стратегиите кои планираме да ги спроведеме за постигнување на целите за следните пет години.
Стратегијата го пренесува планираниот пристап до вработените и останатите заинтересирани страни за да добијат јасна слика за насоките на ДЗР и целите што очекуваме да ги постигнеме.

Стратегијата за развој на ДЗР 2008-2012 ги задржува основните елементи на планираниот пристап од претходниот стратешки документ (Стратегија за развој на ДЗР 2006-2010) и се фокусира на правната рамка, градењето на институционалните и организациски капацитети, извршувањето на ревизиите со висок квалитет, комуникацијата со главните заинтересирани страни, управувањето со човечки ресурси и ИТ поддршката во ДЗР.
Сепак, некои цели од претходната Стратегија се модифицирани со цел соодветно да ги прикажат промените во опкружувањето и новите потреби за развој на ДЗР.

Стратегијата за развој на ДЗР 2006-2010 беше изработена како флексибилен документ кој континуирано се оценуваше и обновуваше согласно потребите на ДЗР.

Во текот на изминатите две години успеавме да реализираме значаен дел од активностите за постигнување на стратешките цели. Така на пример: изработивме предлог за нов закон за државна ревизија и текст на амандман во уставот на РМ како поддршка на надлежните институции за исполнување на барањата на Европската комисија за независност и уставна определеност на државната ревизија.
Подготвивме посебни стратегии на ДЗР за управување со човечки ресурси (УЧР), за комуникација и за ИТ со цел да обрнеме заслужено внимание на одделните аспекти од работењето на ДЗР и да обезбедиме Стратегијата за развој на ДЗР да се фокусира на ревизијата и резултатите од истата.

Оценката за работењето (Peer Review) извршена од Судот за ревизија на Сојузна Република Германија покажа дека ДЗР се има здобиено со висока репутација кај јавноста поради своето транспарентно и продуктивно работење. Достигнувањата се темелат на знаењето и на подобрените вештини на вработените.

Развојот на настаните во работењето на ДЗР, резултатите од твининг проектот и потребата од понатамошна соработка, извршеното **Peer Review** од страна на Германската ВРИ, како и промените во јавниот сектор во Македонија, ѝе доведоа до моментот на изработка на нова Стратегија за развој на ДЗР.

Реализацијата на стратешките цели во оваа стратегија се одговорност на сите вработени во ДЗР. Истото може да се постигне само доколку сите вработени во ДЗР проактивно соработуваат за постигнување на заедничките цели.

Почитувани колеги, Ве охрабрувам да ги прифатиме овие предизвици за доброто на нашата институција, институциите во кои вршиме ревизија и за целата македонска јавност.

**Број 0102-532/1**

**Скопје, 23 јуни, 2008 година** **Главен државен ревизор**

**Тања Таневска**

## МИСИЈА

Државниот завод за ревизија (ДЗР) е Врховна ревизорска институција во Република Македонија која има за цел навремено и објективно да го информира Собранието, Владата, другите носители на јавни функции и јавноста за ревизорските наоди од спроведените ревизии.
Државниот завод за ревизија обезбедува подршка на Собранието на РМ во исполнувањето на неговите надлежности преку идентификацијата и презентацијата на неправилностите, случаите на противзаконско работење, и можни случаи на корупција и злоупотреба на функцијата.
Преку јасните и ефективни препораки ДЗР обезбедува подршка на државните институции и корисници на државните средства за унапредување на управувањето на истите. На тој начин ДЗР придонесува за подобрување/ унапредување на животот на граѓаните на Република Македонија.

## ВИЗИЈА

За успешно да ја исполнуваме нашата цел – водење грижа за јавните средства и да придонесуваме за унапредување на управувањето со истите, наша визија е дека треба континуирано да обезбедуваме квалитет во работењето со што би го задржале епитетот на независен и професионален партнер со висок интегритет кој истовремено е носител на напредокот во управувањето со државните средства, отчетноста и транспарентноста во користењето на истите.

## ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ДЗР

**Независност**
Стремеж за обезбедување функционална и организациска независност од законодавната и извршната власт и обезбедување доволно средства како услов за ефикасно остварување на овластувањата на ДЗР.

**Компетентност**
Стремеж за поседување знаење, искуства, објективност и авторитет при изразување на ревизорско мислење, заклучоци и препораки од страна на ревизорите посветувајќи должно внимание и грижа при примената на ревизорските стандарди на ИНТОСАИ.

**Професионалност**
Стремеж за континуирано следење на новините од областа на работите на државната ревизија, применување најнови и врвни ревизорски техники и помагала, и постојана надградба и унапредувањето на умешноста и вештините на ревизорите.

**Тимска работа**
Стремеж за континуирано практикување на колегијална, сестрана, конструктивна и креативна соработка на ревизорите со доследно почитување на поединецот, јакнење на чувството на одговорност, совесност и професионалност, како услов за остварување на визијата, мисијата и стратешките цели на ДЗР.

**Транспарентност**
Стремеж за континуирано обезбедување транспарентност во работењето и презентирањето на резултатите пред Собранието на РМ и другите надлежни институции и јавноста.

**ПРЕДИЗВИЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Успехот на ДЗР во голема мера зависи од неговата способност да препознае и да реагира соодветно на промените/предизвиците кои се јавуваат во Република Македонија во целост, и во јавниот сектор како специфична задолжителна област.
Следните промени/предизвици ќе имаат големо влијание врз работењето на ДЗР за постигнување на законски дефинираните надлежности:

– Една од стратешките цели на Република Македонија е влез во Европската Унија. На состанокот на Европската Комисија во декември 2005 год., на Република Македонија и беше даден статус на “земја кандидат за членство во ЕУ“. Оваа одлука укажува на постигнатиот напредок. Сепак, достигнувањето на статусот на земја членка е процес кој зависи од степенот на усогласеност со критериумите за пристапување.

  Во последната деценија ЕУ даваше поддршка на Република Македонија преку различни програми како што се ECHO, OBNOVA, PHARE и CARDS.

  Стратегијата на ЕУ за пред-пристапна помош за периодот 2007-2009 се фокусира на четири области на активности:

  - Поддршка за градење на институциите
  - Подобрување на меѓуграничната соработка
  - Подготовка на корисникот за учество во политиката на кохезија на Заедницата и за инструментите за рурален развој
  - Подготовка за децентрализирано управување со фондовите на ЕУ

  Номиналната алокација на помош изнесува 210,5 милиони евра[1].
  Република Македонија интензивно работи на создавање на релевантни структури и системи потребни за децентрализирано управување на пред-пристапните ИПА фондови.

  Во ноември 2007 година, Владата на РМ формираше Ревизорско тело (Audit Authority) како независно тело во системот на управување со пред-пристапните фондови на ЕУ во РМ, со мандат да врши верификација на ефикасноста на функционирањето на системот за управување и контрола на ИПА (IPA) фондовите.

  ДЗР ја задржува својата независност во извршувањето на надворешната ревизија на корисниците на средства од Европската Унија и други меѓународни институции;

– Владата на РМ изготви Акциски план за борба против корупцијата 2007 - 2011 како комплементарен документ со Државната програма за превенција и репресија на корупцијата на Државната комисија за спречување на корупцијата. Акцискиот план ги содржи проектираните активности за чие спроведување е одговорна Владата на РМ. Со донесувањето на Акцискиот план Владата ја искажа својата решеност за исполнување на предвидените мерки кои се во нејзина надлежност;

– Со цел обезбедување разумно користење на јавните средства во Република Македонија отпочнат е процес на зајакнување на финансиската контрола.

---

[1] COMMISSION DECISION C(2007) 1853 of 30/04/2007 on a Multi-annual Indicative Planning Documnet (MIPD) 2007-2009 за Република Македонија

Процесот се спроведува преку развој и примена на принципите на децентрализирана одговорност на раководството и воспоставување функционално независна внатрешна ревизија. Министерството за финансии на РМ има изработено Стратегија за развој на Јавната Внатрешна Финансиска Контрола (PIFC- Public Financial Internal Control);

- Зголемена употреба и комплексност на ИТ системите во јавниот сектор;

- Фокусирање на заштитата на животната средина на национално и меѓународно ниво.

## ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ДЗР има значајна улога во обезбедување отчетност за начинот на користење на јавните средства и во обезбедувањето транспарентност во работењето. За возврат, ДЗР мора да ги задоволува највисоките професионални стандарди. Исто така, тоа значи дека ДЗР треба да го организира и управува работењето на ист или подобар начин од оној што го очекува од институциите во кои врши ревизија.

Со самото формирање ДЗР е насочен кон градење на институционалните капацитети со цел постигнување на највисоки меѓународно прифатени стандарди. Имено, правната рамка на ДЗР е дефинирана со Законот за државна ревизија кој за прв пат беше усвоен во 1997 година и кој се заснова на Лима декларацијата на водечките упатства за принципите во ревизијата.

Правната рамка која ја регулира независноста на ДЗР ќе биде усогласена со ISSAI 10- Декларација за независност, Мексико.

Подготвен е предлог на нов закон за државна ревизија во согласност со добрите пракси на европско ниво. Предлогот е подготвен во консултација со ХСР-твининг партнерот, како предлог кој во целост ги содржи потребните принципи за независно и ефикасно функционирање на ДЗР.

Државниот завод за ревизија работи согласно меѓународните ревизорски стандарди кои се усвоени за примена во Република Македонија. Согласно овие стандарди и одредбите во Законот за државна ревизија, ДЗР врши: ревизија на финансиските извештаи со цел изразување професионално мислење дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот од финансиските активности во согласност со прифатените сметководствени стандарди.

Државната ревизија опфаќа и постапка на испитување законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи, како и давање на оцена за користењето на средствата од аспект на постигнатата економичност, ефикасност и ефективност[2] .

Вработените во ДЗР имаат потреба од континуирана обука и пракса за имплементација на меѓународните ревизорски стандарди, другите стандарди и регулативи, како и за најновите достигнувања во ревизорската практика согласно европските стандарди и критериуми. Проектот на Светска Банка за развој на ДЗР беше имплементиран во периодот 2003 – 2005 година и обезбеди обука за вработените во ДЗР, подготви прирачник за ревизија на успешност, организираше студиски патувања, како и програма за споделување на искуство и знаење.

[2] ISSAI 100 , Basic Principles in Government Auditing, INTOSAI , 2007- Paragraf 38

Твининг проектот со Холандскиот суд за ревизија (ХСР) започна во септември 2005 година. Овој проект ќе овозможи подобрување на праксата и примена на методологија при извршување на ревизиите согласно добрата пракса и искуствата од ХСР. Извршените активности со твининг проектот покажаа резултати во обласа на:

- Градење организациски и административни капацитети преку анализа на состојбите и подготвување на стратешки и оперативни документи);

- Подобрување на вештините на ревизорите преку вршење пилот ревизии, дефинирање на предлози за усвојување на методи, прирачници и профили за обука; организирање на студиски патувања и поддршка на активно учество во различните работни групи на ЕУРОСАИ;

На барање на Државниот завод за ревизија преку твининг партнерот - Холандскиот Суд за ревизија, во март 2007 година беше извршен Peer Review од страна на Врховната ревизорска институција на Сојузна Република Германија (Bundesrechnungshof).

Peer Review –то обезбеди независно и професионално мислење за постигнатиот развој на Државниот завод за ревизија. На тој начин тоа претставува основа за продолжување на напорите на ДЗР за обезбедување статус на модерна, независна и ефективна врховна ревизорска институција.

**СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

Стратешки цели на Државниот завод за ревизија за периодот 2008-2012 година се следните:

**Цел 1:** Обезбедување на функционална, организациска и финансиска независност на државната ревизија како уставен ентитет, согласно принципите на Декларацијата од Лима и Мексико;

**Цел 2:** Обезбедување оптимални човечки и организациски ресурси за извршување на функцијата на државна ревизија

**Цел 3:** Подобрување на квалитетот на извршените ревизии, следење на ефектите од извршените ревизии, и развивање нови видови ревизии

**Цел 4:** Понатамошен развој на информациониот систем во ДЗР, примена на информатичка технологија и нејзино рационално и ефикасно искористување во ревизијата.

**Цел 5:** Подобрување на системот за комуникација и размена на информации со домашни и меѓународни правни ентитети и информирање на јавноста за работењето на ДЗР.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1- НЕЗАВИСНОСТ

**Обезбедување функционална организациска и финансиска независност на државната ревизија како уставна категорија, согласно принципите на Декларацијата од Лима и Мексико**

Независноста е одлучувачка во обезбедувањето на потребниот интегритет и кредибилитет на Државниот завод за ревизија, како и во создавањето доверба на јавноста во работењето на институцијата. Во изминатиот период ДЗР со помош на експертизата на Холандскиот суд за ревизија обезбеди иницијален импут (изработи текстови за нов закон за државна ревизија и амандман на уставот на РМ) за исполнување на зацртаните активности во Националната програма за приближување кон европското законодавство (НПАА) за обезбедување финансиски и функционално независна државна ревизија.

**Непосредна цел 1.1**

### Дефинирање на правниот статус на Државниот завод за ревизија како независна институција и уставна категорија во Република Македонија;

Активности:

- Државниот завод за ревизија во континуитет ќе го следи процесот и ќе обезбедува потребни информации за дополнување на Уставот на Република Македонија и донесување нов закон за државна ревизија од страна на надлежните органи;

- ДЗР ќе одржува редовни контакти со надлежните институции со цел да биде запознаен со текот на усвојувањето на измените и дополнувањата и да ги обезбеди неопходните информации за усвојување на истите;

**Непосредна цел 1.2**

**Утврдување на правна рамка за независен и самостоен буџет на државната ревизија и нејзина имплементација;**

Активности:

- ДЗР ќе дава предлози за измени/дополнувања на одредени потребните законски и подзаконски прописи со цел да се обезбеди функционирање на независниот и самостоен буџет;

- ДЗР ќе одржува редовни контакти со надлежните институции и Собранието на РМ со цел да биде запознаен со текот на усвојувањето на предложените измени и дополнувања на потребните законски и подзаконски прописи и да ги обезбеди неопходните информации за усвојување на истите;

- По обезбедување соодветни услови ДЗР ќе подготви независен буџет во форма на Предлог кој ќе биде поднесен директно до собраниските тела.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2 - Зајакнување на институционалните капацитети

**Обезбедување оптимални човечки и организациски ресурси за извршување на функцијата на државна ревизија**

### 2.1. Човечки ресурси

Човечките ресурси се едни од основните елементи во секоја Врховна ревизорска институција. Добро обучени, компетентни, мотивирани и посветени вработени имаат значајна улога во постигнување висок квалитет во ревизијата и во резултатите од истата.

Државниот завод за ревизија ќе продолжи во иднина да го гради статусот на атрактивна институција која нуди на своите вработени соодветни услови и напредок во работењето.

Со цел да обезбеди одржлив систем за управување со човечките ресурси, ДЗР изработи одделна Стратегија за управување со човечки ресурси. Истата е составен дел на Стратегијата за развој на ДЗР и ги има следните непосредни цели:

**Непосредна цел 2.1.1:** Вработување на потребниот број на лица со соодветно образование и способности за да одговорат на работните задачи согласно мандатот на ДЗР;

**Непосредна цел 2.1.2**: Континуиран развој на професионалните и стручните способности на ревизорскиот и менаџерскиот кадар;

**Непосредна цел 2.1.3:** Воспоставување објективен систем за оцена на исполнувањето на работните задачи;

**Непосредна цел 2.1.4:** Воспоставување објективен систем на ротација, унапредување и распоредување на вработените врз основа на нивните способности да ги извршуваат работните задачи;

**Непосредна цел 2.1.5:** Воспоставување систем на наградување кој се базира на следните критериуми: професионалност, ефикасност и ефективност на извршување на работните задачи;

**Непосредна цел 2.1.6:** Обезбедување еднаков третман на вработените, безбедност на работното место, соодветни работни услови;

### 2.2. Организација / Управување со институцијата

Институциите кои користат јавни средства се должни преку ефикасни внатрешни контроли да ги извршуваат обврските кои се однесуваат на соодветно користење на средствата во процесот на обезбедување функции од општествен интерес. Оваа обврска особено се однесува на ВРИ, бидејќи тие вршат проценка на субјектите кои се предмет на ревизија, и треба да ги прифатат овие критериуми за проценка на сопственото однесување, од две основни причини: Од една страна ДЗР со својот пример може да го унапреди разбирањето на другите институции за потребата од постоење ефикасен систем на интерни контроли, а од друга страна и самиот Државен завод за ревизија има обврска за обезбедување разумна сигурност дека со мандатот дадените обврски ќе бидат постигнати.

Организацијата на Државниот завод за ревизија ја рефлектира својата примарна задача, а тоа е вршење на финансиски ревизии, што задолжително води до фокусирање на субјектите кои се предмет на ревизија. Во процесот на промена на фокусот на работата на ДЗР кон прашања поврзани со конкретни работи, како што е на пример ревизијата на успешност, тематските ревизии, ревизија на ИТ системите или ревизија на користењето на европските фондови, организациските елементи треба да ги следат тие промени и неминовно ќе бараат креирање на флексибилна организациска поставеност која ќе може да одговори на барањата за ефикасно и ефективно работење во ДЗР.

Системот за внатрешна контрола на Државниот завод за ревизија се базира на контролни активности вградени во постојните постапки и структури на одговорност на вработените. Во ДЗР е формирано одделение за внатрешна ревизија кое треба да даде свој придонес во развојот на внатрешните контроли и нивно ефикасно функционирање. Во периодот кој претстои активностите ќе бидат насочени кон следното:

**Непосредна цел 2.2.1.**

**Унапредување на системот за внатрешна контрола во ДЗР**

**Активности**

- ДЗР ќе направи согледување на постојниот систем на интерни контроли;
- ДЗР ќе дефинира предлози за унапредување на постојниот систем согласно меѓународните и национални стандарди за внатрешна контрола кои се однесуваат на контролното опкружување, управувањето со ризиците, контролите, комуникацијата и мониторингот;
- ДЗР ќе подготви план за потребни ресурси (човечки и финансиски) за воспоставување на предложените унапредувања на внатрешните контроли
- ДЗР ќе ги дополни постојните и ќе изготви нови интерни акти за регулирање на соодветни аспекти на системот на интерни контроли.

**Непосредна цел 2.2.2**

**Подобрување на функционалната, организациската и кадровската структура**

**Активности**

- ДЗР ќе работи на подобрување на организациската структура и специфичните одговорности во ДЗР преку подготвување на нови интерни акти со цел унапредување на ефикасноста и ефективноста на работењето;
- ДЗР ќе работи на достигнување на оптималниот број на вработени до 2012 година - 145 вработени (вклучувајќи го и Ревизорското тело - 113 + 32).
- ДЗР ќе направи анализа на усогласеноста на организационата поставеност/ вкупниот број на извршители со надлежностите и дефинираните стратешки цели и ќе ги утврди празнините.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3- Вршење високо квалитетни ревизии

***Подобрување на квалитетот на извршените ревизии, следење на ефектите од извршените ревизии и развивање на нови видови на ревизии***

За да обезбеди независни, објективни, релевантни и транспарентни информации, Државниот завод за ревизија се залага за извршување ревизии чиј квалитет нема да биде предмет на сомнеж .

ДЗР има подготвено прирачници за вршење на финансиска ревизија и за ревизија на успешност, како и други упатства во кои подетално се дадени насоки за планирање на ревизиите, за формата и содржината на ревизорскиот извештај, и друго. [3]

Врз основа на проценките за способностите на ревизорскиот кадар, ДЗР ги дефинира и потребите за обука на кадарот. Годишната програма за обука е составен дел на Оперативната програма на ДЗР. [4]

Искуствата од користење на методологијата развиена во институцијата потврдија дека ДЗР има развиено насоки и упатства кои се основа за обезбедување праведен и транспарентен пристап во извршувањето на ревизиите. [5]

Во следниот период ДЗР ќе се насочи кон реализација на следните цели:

**Непосредна цел 3.1**

**Подобрување на ефикасноста на планирањето/програмирањето и извршувањето на финансиски ревизии**

ДЗР има дефинирано критериуми за избор на субјекти кои ќе бидат ревидирани на годишно ниво. Истите се основа за подготовка на предлозите / субјектите кои ќе бидат предмет на ревизија во следната година. Искуството од пилот ревизиите спроведени во соработка со Холандскиот суд за ревизија потврдија дека ревизорската пракса е во согласност со меѓународно прифатените пракси и стандарди. Со цел задржување на тој тренд се јавува како потреба ДЗР во иднина да продолжи со следење на праксите за детално дефинирање на одделни аспекти/ елементи од процесот на извршување на ревизиите, како на пример: дефинирање на грешка и стандардни/општо распространети видови грешки, стандардизирање на пристапите на различни тимови во вршењето ревизија на исти процеси или теми, примена на напреднати техники за собирање и анализирање на податоците и доказите и слично.
Имајќи ги во предвид овие моменти, Државниот завод за ревизија во наредниот период ќе се фокусира на следните цели/ активности:

---

[3]ISSAI 200 , General Standards in Goovernmental Auditing, INTOSAI , 2007- Paragraf 1.2 (c), 1.13 и 1.14
[4] ISSAI 200 , General Standards in Goovernmental Auditing, INTOSAI, 2007- Paragraph -1.2 (b)
[5] Peer Review – 2.3.4. Чекори во ревизијата

**Активности**

- Ќе обезбеди капацитети за следење на ревизорското опкружување (следење на трендови, состојби во одделни области и субјекти од интерес за ревизијата) со изготвување анализа на ризиците за процесот на програмирање/ планирање;

- Ќе ги дефинира задолженијата и видовите анализи кои треба да се изработуваат и влијанието на истите врз процесите на вршење ревизија во Државниот завод за ревизија;

- Ќе обезбеди понатамошен развој на пристапот во планирањето/ програмирањето базиран на проценка на ризик преку подготовка на методолошко упатство за пристап/ постапки за програмирање на ревизорските задачи и воведување во практична употреба;

- Ќе обезбеди понатамошна стандардизација на ревизорската пракса во ДЗР преку развивање детални упатства- програми за одделни области/ процеси кои се карактеристични за повеќе субјекти предмет на ревизија ( плати, јавни набавки, …);

- Ќе обезбеди доследна примена на методолошките прирачници и упатства со цел обезбедување квалитет во ревизијата – дефинирање инструменти за размена на искуства и пракса на редовна основа ( содржани во Упатството за обезбедување квалитет во вршењето ревизии).

**Непосредна цел 3.2**

**Зголемување на бројот на ревизии на успешност и нивно фокусирање на теми од општ/ државен интерес/ специфични ревизии- Хоризонтални ревизии, Тематски ревизии, Ревизии на ЕУ фондови и ЕУ програми, Ревизии на успешност од областа на заштитата на животната средина**

Покрај испитувањето на законитоста и регуларноста на активностите на јавниот сектор, Декларацијата од Лима еднакво значење посветува на ревизијата на успешност, која е ориентирана кон испитување на резултатите, економичноста, ефикасноста и ефективноста на активностите на јавниот сектор. Ова опфаќа ревизија на ефикасноста со која се користат човечките, финансиските и други ресурси, вклучувајќи го испитувањето на ефикасноста на информационите системи, критериумите за успешност и постапките за контрола, како и постапките кои субјектите на ревизијата ги вршат за отстранување на утврдените недостатоци.
Ревизијата на успешност се потпира на многу поголем опфат на ревизорски методи и методи на проценка отколку традиционалната финансиска ревизија. Таа, исто така вклучува проценка на ефективноста на организациските структури, процесите на донесување на одлуки и системите на раководење (организациска ревизија).

Во услови кога расте функцијата и сложеноста на јавниот сектор во Република Македонија (приближувањето кон Европската Унија, заштитата на животната средина, реформите во земјоделството, и други реформи) расте и ризикот од изостанување или намалување на ефектите од дефинираните политики и преземените активности. Со тоа расте и потребата од обезбедување независни и професионални согледувања/ заклучоци до Собранието на Република Македонија и надлежните институцииза економичното, ефикасно и ефективно искористување на државните фондови .
Поради комплексноста и широкиот опфат кој го имаат овие ревизии, ВРИ во Европа и светот се повеќе се фокусираат кон зголемување на бројот на извршени ревизии на успешност. Ова бара добро обучени, искусни и квалификувани ревизори со специфични

аналитички вештини. Во идниот период Државниот завод за ревизија планира да го зголеми бројот на ревизиите на успешност и нивно фокусирање на теми од општ интерес, и тоа преку следните активности:

**Активности**

– ДЗР ќе организира обука со која ревизорите во континуитет ќе ги развиваат способностите за ревизија на теми од општ/ државен интерес.

**Непосредна цел 3.3.**

**Воведување / Развивање / извршување нови видови ревизии – Ревизии на јавните приходи, Хоризонтални ревизии, Паралелни ревизии, ИТ ревизии**

До сега ДЗР нема никакво искуство со хоризонталните ревизии со кои се утврдуваат системските слабости во одделни административни субјекти. Постојниот пристап, кој се фокусира на индивидуална ревизија на поединечните субјекти, остава малку место за хоризонтална работа.

Наодите би можеле да имаат особено силно влијание кога би се употребиле за да се нагласат клучни прашања кај индивидуалните случаи и да се утврдат начини на кој може да им се пристапи при дефинирањето на активнсоти за надминување на состојбите.

Вредноста на ваквиот пристап во вршењето ревизија на одделни системи ( на пример јавните набавки, платите во јавниот сектор ...) може да обезбедат согледувања за состојбите и слабостите во тие области.

Професионалното и независно видување на овие состојби би биле од особен придонес за Собранието на РМ и другите надлежни институции во дефинирање активности и мерки за развивање ефикасни системи за задоволување на потребите на граѓаните и државата. Во идниот период Државниот завод за ревизија ќе работи на воведување нови пристапи во извршувањето на ревизијата и тоа преку следните активности:

**Активности:**

– ДЗР ќе планира воведување нови видови ревизии

– ДЗР ќе планира и реализира обуки од областа на новите ревизии;

– ДЗР ќе прифати ЕУРОСАИ предлози/ иницијативи за изведување паралени / зеаднички ревизии со други ВРИ со цел размена на искуства и знаења за водење вакви ревизии.

**Непосредна цел 3.4.**

**Обезбедување квалитет на ревизиите**

Согласно ревизорските стандарди на Меѓународната организација на Врховните ревизорски и институции (ИНТОСАИ) “Врховната ревизорска институција (ВРИ) мора да посвети особено внимание на програмите за осигурување на квалитет во работата, заради унапредување на ревизорската работа и резултатите од неа. ВРИ мора да создаде системи и постапки кои:

- Потврдуваат дека целокупниот процес на обезбедување на квалитет функционира задоволително;
- Обезбедуваат квалитет на ревизорскиот извештај; и
- Осигуруваат подобрувања и избегнување на повторувањата на слабостите.

Државниот завод за ревизија има изработено **Упатствоо за квалитет на ревизијата со цел** да се обезбеди висок квалитет на работењето на Државниот завод за ревизија (ДЗР) и резултатите (извештаите) коишто произлегуваат од работењето. За да се постигне високо ниво на квалитет, ДЗР утврди детални постапки кои треба да се следат во сите фази на ревизорскиот процес.

**Активности**

ДЗР ќе ја зајакне контролата на квалитетот во текот на извршувањето на ревизиите преку имплементација на Упатството за обезбедување квалитет на ревизиите;

- ДЗР ќе воведе функција за обезбедување квалитет во ДЗР (Согласно насоките во Упатството за обезбедување квалитет во ревизијата);

- ДЗР ќе воведе ревизорски софтвер за раководење со ревизиите.

**Непосредна цел 3.5.**

**Унапредување на системот за следење на препораките дадени во ревизорските извештаи**

Ревизијата треба континуирано да го следи процесот и временските рокови на имплементирање на препораките во функција на одржување на ефективни контролни постапки кај субјектите. Препораките и одговорите ја формираат основата за идни испитувања/следења на спроведување на препораките. Недостаток/невршење на постапки на ревизија на следење на спроведување на препораките ја лимитира/ограничува корисноста на ревизорските резултати и ја намалува ефективноста на ревизијата како алатка на раководството. За да бидат ефективни препораките треба да се спроведени.

Од досегашната пракса  само околу 50% од субјектите кај кои е извршена ревизија го информираат ДЗР за активностите кои ги извршиле или имаат намера да ги извршат со цел да ги имплементираат препораките од ревизијата. Како резултат на ова, ДЗР нема сознание дали субјектот дејствувал соодветно на препораките. Единствениот начин за ДЗР да го следи ова е последователна ревизија на истиот субјект следната година. ДЗР статистички ги анализира резултатите од забелешките на субјектот и ги претставува во својот годишен извештај.  За да се обезбеди ефективен одговор по препораките, ДЗР треба постојано да ја следи состојбата се додека не добие јасен извештај за активностите за елиминирање на слабостите и имплементацијата на препораките од ревизијата. Плановите на ДЗР на ова поле се следни:

**Активности**

- Понатамошно унапредување на системот за оценување на степенот на јасноста, конкретноста и начинот на презентирање на наодите и препораките во ревизорските извештаи, како можност за постапување по истите од страна на надлежните органи, преку воведување функција за обезбедување квалитет во ревизијата;

- Понатамошен развој на системот за прибирање на информации од субјектите за преземените мерки преку воведување нови инструменти за комуникација на редовна основа меѓу претставници на ревизорскиот тим и задолжени лица во субјектите предмет на ревизија со цел обезбедување импут за планирање идни активности;

- Изготвување сумарни извештаи за дадените ревизорските препораки, со посебен осврт на степенот на спроведени препораки од субјектите.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4 - Информационен систем и информатичка технологија

**Понатамошен развој на информациониот систем на ДЗР, примена на информатичката технологија и нејзино рационално и ефикасно искористување во ревизијата.**

Интегритетот и достапноста на информациите и информационите системи, континуитетот и ефикасноста на процесите во ДЗР мора да се обезбедени со ИТ структура со висок квалитет

За обезбедување услови за постигнување на потребниот квалитет ДЗР разви ИТ стратегија која е програмирана за периодот 2006-2010 и која согласно потребите на ДЗР ќе биде усогласена и понатаму развиена.

Стратегијата ги дефинира следните цели/ приоритети:

**Приоритет 1**: Воспоставување на ИТ организација;

**Приоритет 2**: Воспоставување на основна техничка инфраструктура:

Хардвер: мрежа, сервери

Софтвер: интранет, интернет и е-меил

**Приоритет 3-6** : Воведување и/или оптимизација на информационите системи: документ менаџмент системот, системот за планирање итн.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5- Комуникација

**Подобрување на системот на комуникација и размена на информации со домашни и меѓународни правни субјекти и информирање на јавноста за работењето на ДЗР**

Со цел да се обезбеди искористување на_информациите како успешен инструмент во исполнувањето на зацртаните работни цели, проследувањето на информациите мора да се планира и да биде насочена според поединечните целни групи, одредени ситуации и потреби.

Одговорност на ДЗР е да обезбеди целните групи да бидат информирани за сите релевантни работи поврзани со ревизијата и да се создадат потребни услови за презентирање и размена на информациите на најсоодветен начин.

ДЗР разви Стратегија и политика за комуникација за периодот 2008-2012 година, преку која ДЗР се стреми кон подобрување и развивање на посредната и непосредната комуникација, внатрешно и надворешно.

Стратегија го опишува:

– Основните цели на комуникација;
– Принципи на комуникација;
– Дефинирање на целни групи;
– Воспоставени односи со целните групи;
– Активности кои треба да се преземат за постигнување на целите;
– Начини на комуникација;
– Средства и инструменти за комуникација;
– Евалуација и мерење.

## МОНИТОРИНГ И ИНДИКАТОРИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СТРАТЕШКИТЕ ЦЕЛИ

Мониторингот на реализацијата на стратешките цели и извршувањето на годишните и оперативните програми преку кои истите ќе се реализираат, континуирано ќе го врши раководството на ДЗР.

Задолжително ДЗР ќе врши следење и евалуација на остварување на зацртаните цели во Стратегијата на ДЗР преку кварталните извештаи и годишниот извештај на ДЗР.

За следење на реализацијата на стратешките цели се утврдуваат индикатори преку кои се мери степенот на остварување на зацртаните цели.

**Индикаторите за следење на степенот на исполнување на дефинираните цели се утврдени во акцискиот план.**

# Кратенки

## користени во текстот на Стратегијата

| Кратенка | Опис |
|---|---|
| | |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |
| Peer Review | Оценка  на работењето |
| ЕУ | Европска Унија |
| PHARE | Poland and Hungary: Action for Reconstractioning of  the Economy |
| CARDS | Помош од Европската Комисија за земјите од Југоисточна Европа за Реконстркција, Развој и Стабилизација (The CARDS programme is intended to provide Community assistance to the countries of South-Eastern Europe with a view to their participation in the stabilisation and association process with the European Union). |
| ECHO | Департмент на Европската Комисија за хуманитарна помош (The European Community Humanitarian Aid department (ECHO) is the service of the European Commission responsible for humanitarian aid). |
| Audit Authority | Ревизорско тело за предпристапни фондови |
| IPA | Инструмент за предпристапна помош |
| PM | Република Македонија |
| PIFC | Јавна  внатрешна финансиска контрола |
| ИТ | Информациони системи |
| ХСР | Холандски  суд  за ревизија |
| ЕУРОСАИ | Европска организација на Врховни ревизорски институции |
| НПАА | Национална програма за приближување кон европското законодавство |
| ISSAI | Меѓународни стандарди на Врховните ревизорски институции (www.issai.org) |
| ВРИ | Врховни ревизорски институции |
| | |
| | |
| | |